Врз основа на член 29 од законот за даноците на имот („Службен весник на РМ“ бр.61/04 ...192/15), Општина Битола, истакнува

# ЈАВНА ПОКАНА
# За поднесување на даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2023 година

Даночна пријава за утврдување на данок на имот за 2023 година поднесува даночен обврзник (правно и физичко лице) и тоа за:

1.Имотот што го стекнува или почнува да го користи во текот на годината или ако по некоја друга основа настанува даночна обврска;
2.Имотот кај кој настанале промени во вредноста (доградба, надградба, довршување, проширување и сл.):
3.Имотот кај кој настанале промени во сопственоста ( осигурување и сл.) ;
4.Сите даночни обврзници ( правни и физички лица) кои поседуваат имот што се оданочува, а кои до 2022 година не поднеле пријава за утврдување на данок на имот.

Даночна пријава се поднесува до Општина Битола – Одделение за администрирање на приходи, најдоцна до 31 јануари 2023 година.

НАПОМЕНА: Даночен обврзник кој еднаш поднел Даночна пријава за данок, а кој нема промени во сопственоста или вредноста на имотот, не поднесува даночна пријава.

---

Даночните обврзници кои нема да поднесат даночна пријава во определениот рок со оваа ЈАВНА ПОКАНА, ќе се казнат со парична казна за сторен прекршок, согласно Законот за даноците на имот.